Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-373/2
06.02. 2024 год.
ПЕТРОВЕЦ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1.3, СО ПОЕДИНЕЧНА НАМЕНА А1.1-СТАНБЕНИ КУЌИ (СЛОБОДНОСТОЕЧКИ), ВО ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ПЕТРОВЕЦ, НА ДЕЛ ОД КП 253/1, КО ПЕТРОВЕЦ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје**, во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-2757/1 од 13.12.2023, за одобрување на Урбанистички проект за село, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Урбанистички проект за село за формирање на ГП 1.3, со поединечна намена А1.1-Станбени куќи (Слободностоечки), во Општ Акт за село Петровец, на дел од КП 253/1, КО Петровец, Општина Петровец**, со технички број 145/23-У од 01.2024 год. изработен од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за село за формирање на ГП 1.3, со поединечна намена А1.1-Станбени куќи (Слободностоечки), во Општ Акт за село Петровец, на дел од КП 253/1, КО Петровец, Општина Петровец**, со технички број 145/23-У од 01.2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Урбанистички проект (pdf.dwg)

8. Ревизија на Урбанистички проект

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 145/23-У може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-373/1 од 05.02.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

---

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**